

Предлог-мерки за забрзан раст на македонскиот стартап екосистем

Подготвил:
Национален стартап совет
Септември, 2021

Вовед

Во последните неколку години, македонската стартап заедница се развива со забрзано темпо, а искуството во глобални рамки покажува дека за успешно креирање на иновативна економија, подобрување на старите идеи и создавање нови, клучна е суштинската поддршка на стартап компаниите.

Поддршката за развој на стартап заедницата е поддршка за нови решенија во економијата и создавање нови пазари, можности, работни места и поквалитетно живеење на луѓето.

Над 70 отсто од стартапите во државата, во фазата на развој на бизнисот имаат потреба од дополнителни финансиски средства и токму тогаш најголема поддршка добиваат од страна на Фондот за иновации и технолошки и развој, покажа истражувањето спроведено од страна на Стартап Македонија под покровителство на ФИТР.

Анализата со која беа опфатени над 80 стартапи од Северна Македонија и повеќе од 28 организации за поддршка и инвеститори, покажува дека дури 62,7% домашни стартапи аплицирале на повиците за кофинансирање, а 60% од нив добиле финансиска помош од ФИТР.

Во последните шест месеци ФИТР, во соработка со сите чинители на екосистемот, направи сериозни промени преку обезбедување полесен начин за финансиска поддршка, квалитетно менторирање, пристап до дополнителни средства од најуспешните банки во државата и серија други активности. Но за квалитетен развој на стартапите, освен финансии, потребни се измени на повеќе нивоа во државата.

Токму тоа беше главниот поттик Фондот, со поддршка од Владата на Република Северна Македонија, за прв пат во земјава да го формира Стартап советот, со основна цел да ја претставува стартап заедницата и да ги застапува нејзините интереси во процесот на креирање и носење политики кои треба да придонесат за понатамошен раст и развој на македонскиот стартап екосистем.

Советот е активен учесник во креирање на идните политики кои се однесуваат на овие компании, предлага мерки насочени кон подобрување на организацијата на работењето на јавниот сектор и институциите што ќе резултира во поедноставени процедури и поквалитетни јавни услуги, како и препораки за намалување на товарот и трошокот врз стартапите со интервенции во правната регулатива и законската рамка, со цел полесен пристап до капитал и негова мобилизација. Целта на овие активности е раст на бројот на стартапи и позиционирање на земјата како регионален стартап хаб.

Членови на Националниот стартап совет

Фатмир Битиќи
Претседател

Бистра Кумбаровска
Потпретседателка

Коста Петров
Член

Стефан Митески
Член



Анита Никова Бундовски
Член

Дејан Алексов
Член

Ѓорѓи Рафајловски
Член

Координатори

Ивана Станковиќ



Нина Николиќ

Во последните седум месеци, Националниот стартап совет во соработка со претставници од Владата на РСМ, стопанските комори, странските донатори и организации, како и инвеститори и претприемачи од стартап екосистемот, направи детална анализа на моменталната состојба, како и потребите, за побрзо трансформирање на македонскиот стартап екосистем, со една единствена цел - позиционирање на Република Северна Македонија како регионален стартап хаб во регионот.

Од таа анализа произлегуваат и следните мерки преку чие имплементирање македонските претприемачи и иноватори ќе имаат поголеми можности за регионален и интернационален успех, а во исто време, нашата држава ќе стане и поатрактивна дестинација за глобалните иноватори, инвеститори и претприемачи.



1.

Стимулирање на развојот на екосистемот

1.1 Подобрување на регулативата за развој на иновациската дејност

Со Законот за иновациската дејност се уредува иновациската дејност, принципите, целите и организацијата на примената на резултатите од иновациската дејност, научноистражувачката дејност, техничките и технолошките знаења, пронајдоците и иновациите, како и основањето, статусот, надлежностите, управувањето и раководењето, финансирањето, надзорот над работата, како и други прашања поврзани со работата на Фондот за иновации и технолошки развој.

Земајќи предвид дека законот е подготвуван пред осум години, истиот не соодветствува со тековните глобални пазарни трендови. Со предложените законски измени се предвидуваат нови типови на иновации кои досега не биле опфатени во постоечкиот закон, се прошируваат постоечките инструменти и се воведуваат нови инструменти и други мерки преку кои Фондот ги спроведува активностите. Во склоп на предложените измени се очекува Фондот, како една од клучните институции што обезбедува финансиска поддршка за стартапите, преку истите да обезбеди дополнителни финансиски средства со кои преку утврдените инструменти и мерки ќе изврши влијание врз иновациите и технолошкиот развој, а со тоа ќе обезбеди и побрз развој на иновативните компании во земјата.

Социјална иновација

Пред осум години, кога бил подготвуван првиот Закон за иновациска дејност, иновациските политики биле малку поинакви. Актуелните типови на иновации воопшто не се опфатени со овој закон, ниту законот предвидува дефиниција „социјална иновација“ која ќе ги содржи новите трендови кај иновациите. Социјална иновација е нова практика која има за цел да ги задоволи постоечките општествени потреби (работни услови, образование, здравје или развој на заедницата) на подобар и поинаков начин од постојните решенија.

Препорака на советот е „социјалната иновација“ да се дефинира според дефиницијата на Европската комисија, односно социјалната иновација да значи развој на нови идеи, услуги и модели со цел подобро адресирање на општествените проблеми. Како концепт, социјалната иновација може да се однесува на производ, производствен процес, идеја, општествено движење или комбинација од претходно наведените.

Земајќи ја предвид важноста на социјалното претприемништво во денешната глобална економија, а во недостиг на суштинска законска регулатива која го уредува истото, советот укажува на потребата од подготовка и донесување на насоки за усогласување со стратегијата за социјално претприемништво, за која е формирана работна група во МТСП, и која е од суштинско значење со оглед на тоа што во истата има претставник и од Стартап советот, односно Потпретседателката на Советот.

Стартапи

Во однос на терминот стартап, законските измени треба да подразбираат и нова, адаптирана дефиниција на истиот. Сегашната законска дефиниција е ограничувачка од причина што истата предвидува дека новоосновано микро, мало и средно трговско друштво „стартап“ е трговско друштво, основано од едно или повеќе физички и/или правни лица, од чие основање до моментот на аплицирање за финансирање од Буџетот на државата, не поминале повеќе од шест години. Со оглед на ограничувањата но и глобалните текови, потребни се измени во дефинирање на терминот, односно Стартап компанија да се смета компанија не постара од 5 години и основана од еден претприемач (или група од нив) со цел да се донесе нов производ или услуга на пазарот, што ќе биде единствена или подобра од веќе постоечките и има потенцијал за брз раст.

Спин-оф компании

Анализите од моменталната состојба покажуваат дека е потребно комплетно ревидирање на законот и дефинициите од аспект на спин-оф компаниите, а во согласност со новостите на глобалниот пазар. Моментално законот ја предвидува следната дефиниција: „Новоосновано трговско друштво спин-оф“ е трговско друштво основано од едно или повеќе физички лица вработени/ангажирани или студенти во установата која врши високообразовна, односно научноистражувачка дејност и/или правни лица основани од установи кои вршат научноистражувачка дејност и/или од стопански субјекти, со цел за комерцијална експлоатација на иновацијата, префрлена во новооснованото трговско друштво“.

Предлог на Советот е постоечката дефиниција да се измени со нова дефиниција која ќе гласи: „Спин-оф“ е нова компанија создадена од страна на постоечки правен субјект или неговите вработен/и преку сегрегација или дистрибуција на дел од бизнис активностите со кои се занимава, со цел издвоениот бизнис сегмент да има поголема вредност како независен субјект.

Можност за креирање нови инструменти за поддршка на стартапите кои ќе бидат во тек со глобалните трендови

Во моментот Фондот доделува средства преку инструментите за поддршка: кофинансирани грантови за новооснoвани трговски друштва стартап и спин-оф, кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации, еквити и мезанин инвестиции, кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори, кофинансирани грантови за технолошка екстензија, кофинансирани грантови за трансфер на технологии, техничка помош и шеми за коинвестирање со инвеститори и инвестициски фондови. Фондот доделува средства преку објавен јавен конкурс, а врз основа на точно определени критериуми за доделување средства за секој инструмент. Со оглед на законските ограничувања од аспект на дејствување само во рамки на овие инструменти за поддршка, сметаме дека се потребни законски измени со цел проширување на инструментите, како и можност за воведување нови инструменти и мерки за поддршка. Дотолку повеќе што и самите истражувања и анализи го потврдуваат фактот дека во фазата на развој на стартапите потребните дополнителни финансиски средства компаниите досега многупати ги добивале од страна на Фондот за иновации и технолошки и развој. Исто така, воведувањето нови инструменти и мерки е значајно и од причина што сè почесто се јавува потребата од усогласување и следење на светските трендови, неопходно за водење на бизнисот во сите негови сегменти. А особено што тоа би значело и обезбедување на дополнителни финансиски средства за Фондот со кои ќе изврши влијание врз иновациите и технолошкиот развој во екосистемот.

Центри за развој на стартапи

Следејќи ги глобалните трендови, се наметнува потреба од креирање Центри за развој на стартапи во кои потенцијалните претприемачи и иноватори ќе ги добијат сите потребни информации за реализирање на нивните бизнис идеи. Овие центри ќе бидат од големо значење за развој на екосистемот бидејќи на едно место ќе нудат менторска, финансиска и правна поддршка.

Советот предлага креирање регионални Центри за развој на стартапи во сите осум плански региони во државата, најдоцна до 2024 година. Предлагаме начинот на финансирање за овие Центри да биде преку партнерска поддршка со приватниот сектор, по примерот на веќе постоечките функционални решенија од државите во соседството. Како еден од подобрите примери е оној на Република Србија каде државата има развиено финансиски инструмент, со јасни дефинирани цели и критериуми, преку кој општините во соработка со претставници од приватниот сектор развиваат Центри за развој на стартапи.

Очекувани придобивки (резултати): Јасно дефинирани категории и рамки во кои полесно ќе се креираат политики и стратегии за развој на македонскиот стартап екосистем.

Регулативи/политики со кои се покрива полето: Закон за иновациска дејност

Тековен статус/Препорака: Во тек е формирање работна група во рамки на Министерството за образование и наука (МОН), во чија надлежност е истиот. Сите сугестии од членовите на стартап советот ќе бидат земени во предвид од страна на работната група.

1.2 Подобрување на условите за престој на дигитални номади/remote workers

Истражувањето на MBO Partners покажа дека во САД имало 7,3 милиони дигитални номади во 2019 година. Уште пред глобалната пандемија се покажа дека милиони луѓе можат да работат од далечина. Тие милиони луѓе, главно со високи квалификации, можат да изберат каде ќе јадат, спијат, патуваат – каде ќе ги трошат своите пари и ќе ги споделуваат своите вештини.

По направената компаративна анализа со најдобрите практики од земји од Европа, како: Естонија, Хрватска, Грузија, Германија, Чешка, Советот смета дека моделот кој најмногу одговара за Северна Македонија е тој на Естонија.

Предлог-решенија

- Со сегашната регулатива престојот е ограничен на 90 дена. Неопходно е да се дозволи престој до 12 месеци, на таргетирана група на странски државјани од кои ќе се бара да докажат дека ги исполнуваат условите за виза за дигитални номади т.е. имаат можност за далечинско работење и имаат обезбедено финансиски приходи, за време на нивниот престој во државата, кои претходно ќе бидат дефинирани.
- Процесот на онлајн апликација за оваа виза треба да биде едноставен, брз и без административни препреки, како што е во другите земји кои ја применуваат оваа програма.
- Како дел од иницијативата, планирано е и Развој на програма за дигитални номади од страна на Стартап Македонија во соработка со ФИТР и Швајцарската програма за претприемништво, со која селектирани заинтересирани дигитални номади, со експертиза потребна во стартап екосистемот, ќе менторираат локални претприемачи и ќе придонесат со нивните вештини, знаење и мрежа на контакти, како и пристап до нови пазари.

Очекувани придобивки (резултати):

- Естонија, земја со 1,3 милиони жители, предвидува дека за нова виза годишно ќе аплицираат 1.800 потенцијални дигитални номади. По различни основи, овие номади ќе придонесат десетици милиони евра во економијата на земјата. Покрај тоа, влијанието ќе се почувствува силно врз локалната технолошка и стартап сцена, каде што споделувањето на знаењето на номадите и генерирањето идеи, се очекува да имаат значителен позитивен ефект. Исто така, истражувањата велат дека 87% од дигиталните номади велат дека поедноставниот процес за добивање виза ќе влијае на нивниот избор на дестинација
- Програмата која ја предлага советот ќе овозможи привлекување високо квалификувана работна сила која ќе ја поттикне економијата преку нивната потрошувачка моќ, споделување вештини но и вмрежување со претставници од локалниот стартап екосистем. Земајќи предвид дека неколку земји веќе активно го развиваат дигиталното номадство, потребно е да се преземат забрзани мерки за позиционирање на нашата држава на мапата на овие иноватори и претприемачи.

Регулативи/политики со кои се покрива полето: Закон за странци

Тековен статус/Препорака: Советот достави предлог во февруари 2021 година до работната група во МВР, изготвен врз основа на компаративна анализа на најдобрите практики од земји како: Естонија, Хрватска, Грузија, Германија, Чешка. Препораката е во насока на забрзување на процесот на донесување на предлог-измената.

1.3 Креирање на регистар на стартапи во Централниот регистар на Република Северна Македонија

Во моментов не постои централизирана евиденција на бројот на новоосновани, постоечки и затворени стартапи во екосистемот. Прецизната евиденција е основа за креирање адекватни и вистински мерки за стартапите, јасна слика за развојот на екосистемот, но и негово редовно следење.

Предлог-решение: Од наведеното излегува потребата за воведување можност на категоризација на правниот субјект, како стартап, согласно новата дефиниција при самата регистрација во Регистарот за правни лица при Централниот регистар на РСМ.

Очекувани придобивки (резултати): Воведувањето на категоризацијата ќе придонесе во полесно мапирање на стартапите, како за Фондот за иновации така и за потенцијални инвеститори и бизнис ангели, но и креирање попрецизни мерки и политики за побрз развој на екосистемот.

Регулативи/политики со кои се покрива полето: Закон за иновациска дејност и Закон за трговски друштва.



2.

Подобрување на условите за работа

2.1 Овозможување на регистрација на нов тип на друштво

Советот ја препозна постојната иницијатива на Министерството за економија за воведување нова форма на друштво со ограничена одговорност, поточно Поедноставено друштво со ограничена одговорност (ПДОО), и ја поддржува истата. Целта на Предлог-законот е да се овозможи основање друштво со ограничена одговорност со симболичен минимален износ на почетен основачки капитал од 1 евро, од страна на лица - граѓани кои имаат идеја за водење бизнис, но немаат доволно средства, во износ од најмалку 5.000 евра основачки капитал, за да отпочнат сопствен бизнис.

Предлог-решенија

- **Со Предлог-законот се воведува нов тип друштво со ограничена одговорност, кој го носи насловот „Поедноставено друштво со ограничена одговорност-ПДОО“. Со Предлог-законот, друштвото може да има најмногу до тројца основачи - физички лица, од кои еден е управител, односно член на органот на управување.**
- **Со оглед на тоа што станува збор за друштво со основна главнина од 1 евро, се предлага воведување посебен режим за финанисиско работење во однос на располагање со добивката, како и обезбедување и располагање со задолжителната резерва на друштвото.**

Очекувани придобивки (резултати): Со примената на одредбите од Предлог-законот, освен можноста за основање фирма со минимални трошоци за младите претприемачи, се очекува и значително влијание врз намалувањето на сивата економија во државата.

Регулативи/политики со кои се покрива полето: Закон за трговски друштва (ЗТД)

Тековен статус/Препорака: Доставен е Предлог-законот за промена на ЗТД до Собранието во септември 2020 година. Членовите на стартап советот се подготвени активно да се вклучат во процесот за побрзо донесување на Предлог-законот. Се препорачува забрзување на процесот на донесувањето на Предлог-законот.

2.2 Олеснување на процесот на ликвидација за стартап компании

Процесот на регистрација на нова компанија може да се направи за неколку дена, но кај ликвидацијата периодот може да варира во зависност од тоа дали друштвото кое се ликвидира има долгови кон доверители или неплатени даночни обврски. Доколку друштвото нема никакви парични обврски, постапката трае во просек од 30 до 45 дена. Меѓутоа, доколку друштвото има неплатени парични обврски, оваа постапка трае подолго, а доколку во истата се утврди дека овие обврски не можат да се подмират, за истото друштво ќе се отвори стечајна постапка.

Постои и ликвидација по скратена постапка, на пример, кај здруженијата каде само еднаш се прибираат документите, но основачот дава изјава кај нотар под сопствена одговорност дека фирмата не должи пари никому. Врз основа на таа изјава, доверителите чии обврски не се подмирени, имаат право да го тужат и за обврските на фирмата да одговара со неговиот сопствен имот.

Предлог-решенија

- **Предлогот се однесува на примена на сличен модел како кај здруженијата со воведување скратена постапка на ликвидација, односно итна ликвидација за компании со годишен бруто-приход до 2 милиони денари (компании кои не се ДДВ обврзници).**
- **Се препорачува воспоставување интерна комуникација помеѓу ЦРМ и УЈП, при што идеално би било да се овозможи обраќање до една од институциите (one-stop-shop пристап) со цел олеснување и забрзување на процесот.**

Очекувани придобивки (резултати): Поедноставување и скратување на процесот на ликвидација за компаниите кои не се ДДВ обврзници и немаат обврски кон доверителите, ќе придонесе за подинамична средина која стимулира креирање нови бизниси и градење култура на брз неуспех и пропаѓање, со цел отпочнување на процесот одново со научени лекции.

Регулативи/политики со кои се покрива полето: Закон за трговски друштва (ЗТД)

Тековен статус/Препорака: Советот предлага да се направи анализа на потребите од воведување на промената и да се вметне во Предлог-закон за промена на ЗТД. Членовите на стартап советот би биле активно вклучени во обезбедување на поддршката од страна на засегнатите институции со цел побрзо донесување на Предлог-законот.

2.3 Зголемување на флексибилноста на условите за работа

Стартап компаниите, кои се микро или мали по големина, претежно работат дигитално и како такви имаат потреба од ревидирање на постоечките регулативи, како: евиденција на работно време, флексибилно работно време, годишен одмор, како и воведување новини во делот на легално исплаќање бонуси за вработени и воведување и имплементирање на механизам за SOP (stock option pool). Овие измени ќе придонесат за стандарди кои се атрактивни на глобално ниво и ќе им овозможат подобри услови за работење на претприемачите и нивните вработени.

Предлог-решенија

-Евиденција на работно време - Член 116 (8)
Постоечка формулација:
(7) Работодавач кој има над 25 вработени, и кај кого процесот на работата се врши на една или повеќе локации, е должен на секоја локација да води електронско евидентирање на полното работно време и на прекувремената работа.
(8) Работодавачот кој има до 25 вработени е должен да води евидентен лист за присуство на работа на работниците, со наведување податоци за почетокот и завршетокот на работното време.
Нова формулација за алинеја 8:
(8) Работодавачот кој има до 25 вработени е должен да води евидентен лист или електронско евидентирање за присуство на работа на работниците, со наведување податоци за почетокот и завршетокот на работното време. Изборот на начин за евидентирање го избира работодавецот, вклучувајќи го и софтверот и начинот за евидентирање.

-Флексибилно работно време - Член 125
Постоечки текст:
(1) Распоредот на работното време го утврдува работодавачот.
(2) Распоредот на работното време во областа на сообраќајот и врските, прометот на стоки, здравствената, социјалната и детската заштита, образованието и во другите јавни установи, комуналните дејности, угостителството, туризмот и занаетчиството, се утврдува со одлука на органот на државната управа од соодветната област.
Предлог додавање на алинеја 3:
(3) Доколку работата е од областа на развој на софтвер / дигитални вештини, работникот може да работи во флексибилно работно време во согласност со работодавецот - со одлука за флексибилно работно време.

-Годишен одмор - Член 141
Постоечка формулација:
(2) Годишниот одмор може да се користи во повеќе делови во договор со работодавачот, со тоа што еден дел од годишниот одмор мора да трае најмалку две непрекинати работни недели.
Предложена формулација:
(2) Годишниот одмор може да се користи во повеќе делови во договор со работодавачот, со тоа што еден дел од годишниот одмор мора да трае најмалку две непрекинати работни недели. Делот на годишниот одмор кој е непрекинат може да се намали врз основ на барање од работникот.

Нови предлози:
- Начин за воведување и имплементирање на механизам за SOP (stock option pool),
- Начин за легално исплаќање бонуси за вработените,
- Сите достапни субвенции / мерки за претприемачи и нивни вработени да се синхронизираат на една платформа (еден веб-сајт).

Очекувани придобивки (резултати): Со Предлог-законските измени и дополнувања ќе се подобри растот и развојот на стартап компаниите, како и компетитивноста и флексибилноста на работните места и услови, кои ќе придонесат за задржување и искористување на потенцијалот на младите.

Регулативи/политики со кои се покрива полето: Закон за работни односи (ЗРО)

Тековен статус/Препораки: Да се направи анализа на потребите од воведување на предложените промени и да се изготви Предлог-закон за измена на ЗРО. Членови на стартап советот би биле активно вклучени во обезбедување на поддршката од страна на засегнатите институции со цел побрзо донесување на промените на ЗРО.

2.4 Дерегулација на работењето надвор од седиштето на друштвото (работа од дома)

Македонските стартапи како проблем го посочуваат прашањето за начинот на вршење работа од дома, односно од која било друга локација вон просториите на Друштвото, како и кога може да се склучи договор за вработување со вршење на работите од дома, начинот на регулирање на работното време, дневниот одмор, прекувремената работа и други специфичности кои произлегуваат од склучувањето на овој тип договор. Постоечките одредби во ЗРО упатуваат на склучување посебен договор за работа од дома и негово пријавување во Државниот инспекторат за труд.
Овој проблем се јавува како последица на брзиот развој на техничко-технолошкиот процес, особено како резултат на развојот на информатичките технологии кои овозможуваат работа вон работните простории, а постојната регулатива нема експлицитни одредби за сите можни ситуации. Оваа можност за работа од дома поттикна и интерес кај самите вработени кои како право и привилегија бараат да биде имплементирано во новото законско решение.
Непостоењето на доволно јасни и прецизни одредби во Законот за работни односи поврзани со вршење на работа од дома создава правна несигурност кај работодавачите од стартап екосистемот, со што остава можност за различно толкување од страна на субјектите инволвирани во овој процес. Не постои можност за слободно договарање помеѓу работникот и работодавачот во организирањето и вреднувањето на работата од дома, користењето на средствата за работа, условите за работење дома, контролата на работното време, флексибилноста на работното време и работните денови без потреба од прекувремена работа и слично. Заради правната несигурност и недореченоста на Законот постои недоволна заинтересираност кај работодавачите за склучување на вакви договори, иако праксата го наложува тоа, а во голема мера работниците се заинтересирани за ваква работа, постојано или повремено.

Предлог решенија:

Измена и дополнување на Законот за работни односи во кој ќе се вметнат одредби кои ќе ги прецизираат условите и начинот на склучување на овој вид договори или давање соодветна можност на работодавачите од ИКТ индустријата да имплементираат одредби во веќе постоечкиот (основен) договор за вработување со цел правно формално регулирање на „работата од дома“.

Задолжителни елементи кои треба да ги содржи овој договор, а кои се однесуваат особено на:

- Работното време кое најчесто е флексибилно, начинот на евидентирањето на работно време и слободно договарање за третманот или елиминирањето на прекувремената работа, ноќната работа, дневните одмори,
- Машините, алатите и опремата за вршење на дејноста кои треба да ги обезбеди работодавачот,
- Употребата на сопствените уреди, машини, алатите и опрема на работникот и надоместокот за трошоците за нивното користење и други специфични елементи,
- Заштита и здравје при работа – Базирајќи се на интернационалните практики (наведени погоре во овој текст), работодавачите единствено можат да дадат своевидно упатство и препораки за заштита и здравје на „работното место во домот“, преку кои единствено може да се воспостават минималните безбедни и здрави услови за работа од дома.

Најдобро решение е да се овозможи најголема можна слобода на договарање, а стриктни одредби да има само за содржината на договорот.

Очекувани придобивки: Со јасно утврдени законски права и обврски за работодавачите ќе се надмине правната несигурност, ќе се елиминираат нерегуларностите при склучување на овие договори, ќе се намали можноста за изрекување глоби од страна на инспекциските органи, а ќе се намали и можноста за поведување судски постапки против работодавачите заради правната празнина за овој вид договори.
Од друга страна, овој вид договор може да значи оптимизација на трошоците за вработување, со што се зголемува конкурентноста на компаниите. Придобивките се евидентни и за работникот и за работодавецот во поглед на смалување на трошоците на компаниите за: храна, превоз, закуп на простор, време, комунални трошоци и други давачки по вработен врзано за работа во просториите на друштвото. Измените на Законот ќе значат и полесно договарање на плата и надоместоци, флексибилно работно време, работа вон работно време по избор на работникот, работни обврски дефинирани по обем и квалитет во единица време наместо дефинирање на работна седмица низ работни часови и слично.

Регулативи/политики со кои се покрива полето: Закон за работни односи (ЗРО).

2.5 Дополнително утврдени ограничувачки фактори: Отсуство на меѓународни платежни сервиси кои би им овозможиле на локалните стартапи да вршат наплата од странски клиенти.

Во моментов голем број стартапи се приморани да регистрираат компании во ЕУ јурисдикции, што значи и остварување на приливи и добивки надвор од земјата.

Членови на стартап советот воспоставија контакт и остварија состаноци (онлајн) со претставници од два од најголемите светски платежни сервиси, PayPal и Stripe, со цел да се испитаат причините за нивната недостапност на домашниот пазар и во обид да се најде начин овие услуги да им се обезбедат и на македонските стартапи.

Дискусиите со нивните тимови одговорни за проширување на нови пазари упатија на тоа дека стратегиите им се насочени кон други поголеми пазари и дека во моментот не гледаат можност и исплатливост од ангажирање ресурси за понатамошна пенетрација на Балканот, вклучително и македонскиот пазар, бидејќи за влез на секој нов пазар се потребни соодветни прилагодувања кон локалните законски регулативи во обезбедувањето на лиценца за вршење на дејноста.

Предлог-решенија: Советот предлага отворање на поинтензивен дијалог на високи претставници од Владата со претставници на овие платежни сервиси, можност за нудење поволности и субвенции за нивен влез на македонскиот пазар, како и интегриран пристап со останатите земји на Балканот во кои овие платежни сервиси не се присутни.

Очекувани придобивки (резултати): Олеснување на процесот и овозможување директна наплата за домашните компании од клиенти од странство, но и придонес кон зголемување на приливите во буџетот на државата по основ на даноци.

Регулативи/политики со кои се покрива полето: Нема законски пречки

Тековен статус/Препорака: Советот предлага да се искористи иницијативата за подобрена регионална соработка за иницирање на интегриран регионален пристап кон меѓународните платежни сервиси со цел зголемување на атрактивноста за влез на нашите пазари. Дополнително, Стартап советот стои на располагање со досегашните остварени контакти и искуствата со PayPal и Stripe.



3.
Подобрување на условите за пристап до финансии

3.1 Олеснување на влез на надворешни инвеститори

Веќе е поднесена иницијатива од страна на Министерството за економија (септември 2020) со предлог-измени и дополнувања на Законот за трговските друштва со цел доуредување на одредбите во Законот кои се однесуваат на отстранување на пречките при инвестиции од страна на бизнис ангели во трговски друштва во државата, преку воведување на конвертибилниот заем како алатка која прилично многу се користи од бизнис ангелите.

Согласно нашата постојна регулатива, конвертибилниот заем не е достапна опција за бизнис ангелите. Конвертибилниот заем постои во нашата регулатива и е регулиран во делот од Законот за трговски друштва како „Заем што се трансформира во влог во друштвото во постапка на зголемување на основната главнина на друштвото“, кога заемот исклучиво е даден од страна на содружникот, односно од страна на единствениот акционер на друштвото кое е во негова целосна сопственост.

Предлог-решенија: Со Предлог – законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва се предлага усвојување на измени кои би овозможиле конвертибилен заем само во случаи на инвестирање (измените не би се адаптирале на конвертибилен долг кој има различни основи – долг врз основа на фактури, регуларен заем, кредит итн.).

Очекувани придобивки (резултати): Олеснување на можноста за побрз влез на надворешни инвеститори, особено во многу рана фаза на развој на стартапите кога е тешко да се направи процена на вредноста на бизнисот.

Регулативи/политики со кои се покрива полето: Закон за трговски друштва (ЗТД)

Тековен статус/Препораки: Стартап советот ја препознава иницијативата и нејзината важност за понатамошниот развој на инвестициската дејност и нејзината улога во развојот на стартап екосистемот и ќе се заложи за побрзо усвојување на Предлог-измените во ЗТД за овозможување на конвертибилен заем при инвестиции од страна на бизнис ангели и други инвеститори.

3.2 Даночни олеснувања и ослободувања за инвеститорите

Земјите кои усвоиле мерки за стимулирање на инвестиции (на пример: даночни стимулации, ослободување од даноци) имаат подобри резултати од земјите кои не подготвиле вакви пакети. Анализирани се Бугарија и Португалија, каде целите се далекусежно поголеми од земјите кои само подготвиле закон за бизнис ангели (БА) и имаат „hands off approach”.

Концептот на финансирање преку мрежите на бизнис ангели во светот, во земјата сè уште не е доволно развиен до нивото кое ќе има значителни резултати. Во Република Северна Македонија недостасува и правна рамка за регулирање, односно за поттикнување на ваквиот начин на финансирање. Рамката треба да има привлекувачки и стимулирачки пакет, не само регулационен пакет, бидејќи и без закон и регулација бизнис ангелите до сега успевале да функционираат некако во изминативе 35 години, како во ЕУ така и кај нас.

Предлог-решенија: Во државата веќе постојат (неформални / полуформални) мрежи на бизнис-ангели, и тоа: а) Здружение на БА, б) CEED Club на БА, и в) Мрежа на македонски БА. Извршената анализа упатува на тоа дека сите препораки од овие организации, насочени кон зајакнување и подобрување на оваа област, може да се сведат на следните три клучни области:

1) Законски дозволено и регулирано вложување на БА

- Покрај изработката на нов закон за БА, каде целосно ќе биде дефинирана регулативната рамка за работењето на овој тип инвеститори по примерот на Хрватска и Словенија, потребно е во Законот за иновациска дејност да се дефинираат бизнис ангелите како посебен сегмент со кој ќе се уреди нивната работа.
- Новиот закон би предвидел и процес сертификација на БА - За да се избегне поединечна сертификација (и регулација) на секој БА поединечно, предлогот е да се сертифицираат / акредитираат само операторите, односно бизнис ангел мрежите (БАМ). На тој начин ќе се избегнат многу административни и бирократски контроли на БА и, наместо тоа, ќе се има ефикасен и ефективен мониторинг само на организациите.

2) Воведување даночни и нефинансиски стимулации

- Предлог-законот за БА треба да предвиди лицата кои ќе инвестираат како ангел-инвеститори во иноватори, претприемачи, стартап компании, како и во фирмите кои се во позрела фаза, да имаат право на корист од државна поддршка (даночни олеснувања или друг вид олеснувања и поддршка) при правењето на инвестицијата која ќе мора да биде вложена исклучиво како готовина на банкарската сметка на компанијата.
- Може да се земе предвид, воведување на ослободување од данок на личен доход, поточно данок на приходи остварени од капитална добивка, за индивидуални инвеститори доколку инвестираат во стартапи. Ослободувањето на данок од приход од капитална добивка може да се врзе со одредена максимална сума - на пример, ограничувањето може да биде на сума [50.000 Евра], на временски период [12-36 месеци] или на проценти [нема данок на 25% од приходи доколку се инвестираат во стартапи/и] и/или намален % на данок доколку има добивка како последица од инвестирањето во стартап. Можно е и целосно ослободување доколку основната сума [минус добивката], повторно се реинвестира во друг стартап.

3) Креирање на ко-инвестициски фонд

- Се разгледа и предлог за креирање на ко-инвестициски фонд кој може да биде сочинет од: а) ФИТР, б) македонски компании – правни лица, и в) акредитирани странски ангел инвеститори и /или фондови. Дополнителни финансии би можеле да бидат обезбедени по принципот на 'leverage' и до 50% од EU, WB и/или други развојни фондови и меѓународни финансиски институции.
- ФИТР во соработка со Светската банка е веќе во фаза на изработување на модел за делување на инвестициски фонд со цел поддршка на иновативни компании со потенцијал за раст.

Очекувани придобивки (резултати): Предлог-регулативите се очекува да имаат стимулирачки ефект врз привлекувањето странски инвеститори, како и да ги поттикнат домашните инвеститори во нивната инвестициска дејност, од една страна. Треба да се внимава и да не се дозволи пререгулација во оваа област, што може да предизвика спротивен ефект и да ја дестимулира и онака слабата инвестициска активност. Од друга страна, би ја зголемил и сигурноста и би го намалил и ризикот и за инвеститорот и за стартапот преку јасно дефинирање на улогите и одговорностите.

Регулативи/политики со кои се покрива полето: Закон за иновациската дејност, Закон за данок на персонален доход, и носење на нов закон за бизнис ангели.

Тековен статус/Препорака: Советот предлага да се направи работна група со цел носење на нов закон за бизнис ангели и да се направат анализи за вметнување на предлог-промените во однос на даночните ослободувања. Дополнително, да се координира со имплементацијата на Стратегијата за реформа на даночниот систем 2021-2025 од страна на Министерство за финансии, која предвидува изготвување анализи и подобрување на данокот на добивка и данокот на персонален доход, меѓу другото. Членовите на стартап советот би биле активно вклучени во обезбедување на поддршката од страна на засегнатите институции со цел побрзо донесување на Предлог-законот за измените.

3.3 Даночни олеснувања и ослободувања за стартапи

Стартап екосистемот во државата се соочува со недоволен број потенцијални претприемачи кои го одбираат креирањето на свој брзорастечки бизнис како примарен начин за професионална реализација, што не е само локален проблем и со него се соочуваат и далеку поразвиени екосистеми. Покрај мерките за олеснување на пристапот до директното финансирање за стартапите, креаторите на политики можат да ги земат предвид и да ги насочат своите мерки кон стимулирање на креирањето на стартапи и нивна поддршка во раните фази на развој, преку фискални интервенции, како што се даночните олеснувања и ослободувања. Секако тука треба да се напомене дека ваквите мерки треба да бидат соодветно дизајнирани да одговараат на локалните услови, земајќи ги предвид и придобивките и ризиците, со цел да бидат ефективни.

Предлог-решенија:

- **Стартапите да имаат одредени привилегии при оданочувањето, не толку финансиски колку временски. По примерот на Австрија, во првите три години се одложува плаќањето на данокот, за да може стартапот да стигне до одредена профитабилност и стабилност, па после третата година отпочнува со плаќањето.**
- **Ослободување од плаќање данок на сите новосоздадени приватни претпријатија, формирани од млади до 29 години сè додека прометот е под 3 милиони денари.**
- **Персоналниот данок на доход да се намалува до 0% во 2023 година за ИТ индустријата.**

Очекувани придобивки (резултати): Предложените мерки се очекува на долг рок да придонесат кон зголемување на бројот на млади претприемачи кои полесно ќе се одлучуваат за влез во бизнис светот преку креирање свои стартапи, особено во ИКТ секторот кој се карактеризира со брз раст, што ќе значи и поголема понуда за инвеститорите и зголемен интерес за влез на нови инвеститори.

Регулативи/политики со кои се покрива полето: Закон за данок на добивка, Закон за персонален данок на доход

Тековен статус/Препорака: Советот предлага овој процес да се координира со имплементацијата на Стратегијата за реформа на даночниот систем 2021-2025 од страна на Министерство за финансии, која предвидува изготвување анализи и подобрување на данокот на добивка и данокот на персонален доход, меѓу другото. Членовите на стартап советот би биле активно вклучени во обезбедување на поддршката од страна на засегнатите институции со цел побрзо донесување на предлог-законот за измените.

3.4 Воведување на криптовалути и блокчејн технологии

Криптовалутите и блокчејн и distributed ledger технологиите земаат огромен замав во последните години, па така во текот на 2021 година пазарната капитализација достигна околу 2 трилиони американски долари. Несомнено криптовалутите за кратко време постанаа алтернативен начин за зачувување на богатството и сè позначајна класа на средства на алтернативни инвестиции, додека сè уште се работи на зголемување на нивната улога во плаќањето за добра и услуги. Како такви, криптовалутите ја стекнаа довербата кај најнапредната и најпродуктивната група на професионалци од ИКТ секторот, овозможувајќи динамичност, брз трансфер на средства во реално време без или со минимална надокнада за извршените трансфери. Во моментов на глобално ниво има 406 активни берзи кои овозможуваат услуги за размена, циркулација, пренос и зачувување на виртуелни и криптовалути во дигитални паричници, но и пренос на истите во традиционалниот банкарски систем користејќи дигитални канали за пренос на информации.

Голем дел од овие берзи се регистрирани и на територијата на ЕУ и истите работат во согласно AML/KYC (Anti-Money Laundering and Combating the Financing of Terrorism Act based on the Directive of the European Parliament and Council No. 2015/849) директивите на ЕУ. За сериозноста и перспективата на блокчејн технологиите, предностите на дистрибуираните и децентрализирани енкриптирани-технологии потврдуваат и светските лидери во клауд сервиси, па така меѓу најпознатите веќе достапни технологии се вбројуваат и IBM Blockchain, Microsoft Azure Blockchain, Oracle Blockchain Cloud Service и други. Вредни за спомнување се и Ethereum, Corda, Hyperledger, Cardano, Solana, и слични на нив, каде овие технологии наоѓаат сосема различна примена.

Видни финансиски институции како Mastercard веќе развиваат решенија на ова поле, а сведочиме и за големи инвестиции во криптовалути од страна на престижни светски банки, но тука станува збор за централизирани наместо децентрализирани системи кои ги користат истите технолошки достигнувања. Македонските граѓани, особено популацијата со највисоки примања согласно официјалната статистика, за своите услуги дефакто користат криптоваулити, што особено важи за групата на дигитални номади, но не станува збор само за користење, туку значителен број на граѓани учествуваат и во процесот на создавање/копање на криптовалути (mining). Со оглед на тоа дека конзервативниот банкарски систем и државата во изминативе 15 години не изнајдоа начин да го овозможат комплетното работењето со дигитални паричници, граѓаните беа приморани да бараат алтернативни начини на нивна примена, па така истите користат услуги на меѓународни банки и корпорации, онлајн банки, пријатели и роднини за пренос и размена на финансиски средства и криптовалути. На овој начин македонскиот финансиски систем се соочува со одлив на сума на пари која не е незначителна. Строгата постојна регулатива на платежниот систем во комбинација со цврстата позиција на банките го оневозможи развојот на финтек (fintech) решенија и значително го забави економскиот развој во изминативе две декади.

Предлог-решенија

- Имплементирањето на одредбата AML/KYC (Anti-Money Laundering and Combating the Financing of Terrorism Act based on the Directive of the European Parliament and Council No. 2015/849) веќе создаде можност за тргување со криптовалути и на домашниот пазар, но сè уште останува нерегулирано полето на создавањето т.е. рударењето на криптовалутите што го прави истото поризично и создава потреба од креирање на регулативна рамка.
- Дополнително, за поттикнување на развојот на финтек индустријата, се предлага промена на тековната регулатива во насока на овозможување на либерализација на финансискиот сектор, со цел отворање на пазарот за влез на повеќе играчи кои ќе ги нудат своите услуги во финансискиот сектор што се очекува да се промени со донесување на новиот предлог-закон за платежни услуги.
- Еден начин за реализација на либерализацијата, е државата да заземе цврста позиција и да направи реструктурирање на платежниот систем со воведување на единствен национален оператор за плаќања (National Payment Switch) преку кој би се одвивале сите домашни и меѓународни финансиски трансакции, а не само големите плаќања кои се порамнуваат преку МИПС. Со ова би се поедноставил и унифицирал пристапот за сите домашни и меѓународни учесници во финансискиот сектор. Со воведување на единствен национален оператор за плаќања би се обезбедила единствена точка на контакт со стандардизирани протоколи за учество во платниот промет. На овој начин и граѓаните и банките би добиле пониски цени за услугите од меѓународните финансиски институции, а би постоел начин за обврзување на истите да ги овозможат сите услуги кои се достапни на меѓународниот финансиски пазар.

Очекувани придобивки (резултати): Со промена на тековната регулатива и либерализација на финансискиот сектор би се овозможил развој на финтек индустријата, би се обезбедил пристап на граѓаните до многу поквалитетни и поевтини услуги и во крајна линија би го забрзал и економскиот раст и развој на државата.

Регулативи/политики со кои се покрива полето: Закон за платежни услуги и платни системи (ЗПУПС), Закон за девизно работење, Закон за вршење на услуги брз трансфер на пари и други закони кои го регулираат финансискиот систем.

Тековен статус/Препорака: Се предлага компаративна анализа на земји со успешни случаи како Швајцарија, Малта, Естонија, Украина, Ел Салвадор, САД, Велика Британија со цел одбирање на најсоодветен модел. Понатаму, се предлага да се изработи детално истражување на придобивките и ризиците од либерализација на пазарот како и предностите и слабостите од воведувањето на единствен национален платежен провајдер и како тоа ќе се одрази на понатамошниот развој на финтек индустријата како и економијата во целина. Законот за платежни услуги и платни системи веќе беше објавен на ЕНЕР и отворен за коментари, но текстот на законот сè уште не е финализиран и постои можност да се земат предвид препораките, врз основа на препораките од истражувањето.